# ЗАКОН ЗА
# ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЗАДОЛЖУВАЊЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА СО КРЕДИТ КАЈ ВЛАДАТА НА КРАЛСТВОТО ШПАНИЈА ПО ДОГОВОРОТ ЗА КРЕДИТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОЕКТОТ БРАНА СО ПРИДРУЖНИ ОБЈЕКТИ, КАКО ДЕЛ ОД ХИДРОМЕЛИОРАТИВНИОТ СИСТЕМ "ЛИСИЧЕ"

**"Сл. весник на Р Македонија" бр. 49/03 од 23.07.2003 година**

## Член 1

Во Законот за задолжување на Република Македонија со кредит кај Владата на Кралството Шпанија по Договорот за кредит за реализација на проектот Брана со придружни објекти, како дел од Хидромелиоративниот систем "Лисиче" ("Службен весник на Република Македонија" број 32/02), во членот 2 ставот 2 се менува и гласи:

"30% од кредитот од член 1 на овој закон е со рок на отплата од седум години со грејс период од 28 месеци и варијабилна каматна стапка -ЕУРЛИБОР +1%".

Ставот 3 се менува и гласи:

"На износот од кредитот се плаќа еднократна провизија од 0,15% за делот од кредитот со рок за отплата од 31 година со грејс период од 11 години, односно 0,4% за делот од кредитот со рок за отплата од седум години, за раководење со кредитот."

## Член 2

Овој закон влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".